# СТАВ НА КАНЦЕЛАРИЈАТА НА ВИСОКИОТ КОМЕСАРИЈАТ ЗА БЕГАЛЦИ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ (УНХЦР) ЗА ВРАЌАЊЕТО НА ЛУЃЕ НАЗАД ВО АВГАНИСТАН

**Август 2021**

## Вовед

1. По повлекувањето на меѓународните трупи од Авганистан, забележано е нагло влошување на состојбата со безбедноста и човековите права во големи делови на земјата.[1] Талибанците преземаат контрола врз брзорастечки број на области и со нивното интензивно напредување во август 2021 година, заземаа 26 од 34 главни провинциски градови во период од десет дена, што резултираше со преземање контрола над претседателската палата во Кабул.[2] Напливот на насилство има сериозно влијание врз цивилите, вклучувајќи ги и жените и децата.[3] УНХЦР е загрижен за ризикот од кршење на човековите права на цивили, вклучително и на жени и девојки, како и на Авганистанци за кои Талибанците сметаат дека се или биле поврзани со авганистанската влада, со меѓународните воени сили во Авганистан или со меѓународни организации во земјата.[4]

---

[1] Си Ен Ен, „Кабул: разузнавачките проценки предупредуваат дека авганистанскиот главен град може да биде изолиран и уништен во наредните месеци“, 12 август 2021 година, Kabul: Intelligence assessments warn Afghan capital could be cut off and collapse in coming months - CNNPolitics; Њујорк Тајмс, „Дали Талибанците можат да го преземат Авганистан? Еве што знаеме“, 11 август 2021 година, Could the Taliban Take Over Afghanistan? Here’s What We Know. - The New York Times (nytimes.com); Канцеларија на ОН за координација на хуманитарни прашања, „Пот-генерален секретар за хуманитарни прашања и координатор за помош во вонредни состојби, Мартин Грифитс, соопштение за ситуацијата во Авганистан“, 9 август 2021 година, Under-Secretary-General for Humanitarian Affairs and Emergency Relief Coordinator Martin Griffiths Statement on Afghanistan, 9 August 2021 - Afghanistan | ReliefWeb.

[2] АП, „Талибанците го заземаа авганистанскиот главен град по колапсот на владата“, 16 август 2021 година, Taliban sweep into Afghan capital after government collapses (apnews.com); Алџезира, „Талибанците велат дека војната во Авганистан заврши, додека претседателот ја напушти земјата: во живо“, 16 август 2021 година, Taliban Says Afghanistan War Over as President Ghani Flees; Алџезира, „Авганистан: Мапирање на напредувањето на Талибанците“, 15 август 2021 година, Afghanistan: Mapping the advance of the Taliban | Infographic News | Al Jazeera; Си Ен Ен, „Талибанците ја презема контролата над Претседателска палата во Кабул“, 15 август 2021 година, Afghanistan-Taliban news (cnn.com); Ројтерс: времеплов, „Брзото напредување на Талибанците низ Авганистан“, 16 август 2021 година, Timeline: The Taliban's rapid advance across Afghanistan | Reuters.

[3] Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации (УНХЦР), „УНХЦР предупредува дека конфликтот во Авганистан најтешко ќе ги погоди раселените жени и деца“, 13 август 2021 година, UNHCR - UNHCR warns Afghanistan's conflict taking the heaviest toll on displaced women and children; Би Би Си, „Авганистанска војна: најмалку 27 деца убиени во период од три дена, велат од ООН, 10 август 2021 година, Afghanistan war: At least 27 children killed in three days, UN says - BBC News; Фондот за деца при Обединетите Нации (УНИЦЕФ), „Најмалку 27 деца убиени и 136 повредени во изминатите 72 часа додека насилството во Авганистан ескалира“, 9 август 2021 година, At least 27 children killed and 136 injured in past 72 hours as violence escalates in Afghanistan (unicef.org); Помеѓу 1 јануари и 30 јуни 2021 година, Мисијата за помош на Обединетите нации во Авганистан (УНАМА) документираше 5.183 цивилни жртви (1.659 убиени и 3.524 повредени), што претставува зголемување од 47 проценти во споредба со првата половина на 2020 година. УНАМА објави дека има нагло зголемување на бројот на цивилни жртви кон крајот на овој период: од 1 мај до 30 јуни 2021 година, кога УНАМА забележала 2.392 цивилни жртви, речиси ист број жртви колку што биле документирани во текот на претходните четири месеци. УНАМА, „Авганистан – заштита на цивили во вооружени конфликти – полугодишно известување: 1 јануари до 30 јуни 2021 година“, јули 2021 година, UNAMA, Afghanistan Protection of Civilians in Armed Conflict - Midyear Update: 1 January to 30 June 2021.

[4] Видете на пример, Скај Њуз, Авганистан, „„Тие се во голема опасност“ – стравови за влијателни жени кои „предводеа промени“ во земјата“, 16 август 2021 година, Afghanistan: 'They are in grave danger' - fears for influential women who 'spearheaded change' in country | World News | Sky News. Ен Би Си, „Авганистанките се плашат од „темна“ иднина,

2. Се проценува дека од почетокот на 2021 година, над 550.000 Авганистанци се внатрешно раселени поради конфликтот во земјата, вклучувајќи 126.000 нови внатрешно раселени лица во периодот од 7 јули до 9 август 2021 година.[5] Покрај тоа што сè уште нема прецизни информации за бројот на Авганистанци кои ја напуштиле земјата заради непријателствата и прекршувањата на човековите права, изворите посочуваат дека десетици илјади Авганистанци преминале меѓународни граници во последните недели.[6]

## Пристап до територија и меѓународна заштита

3. Со оглед на тоа што ситуацијата во Авганистан останува флуидна и неизвесна, УНХЦР ги повикува сите земји да дозволат пристап до нивните територии на цивили кои бегаат од Авганистан и да обезбедат почитување на принципот на невраќање (non-refoulement) во секое време. УНХЦР го нагласува императивот да се обезбеди бескомпромисно почитување на правото на барање азил, да останат отворени границите и да се гарантира дека луѓето кои имаат потреба од меѓународна заштита не се испратени во области во нивната земја на потекло кои потенцијално би можеле да бидат опасни за нив. Во овој контекст, особено е важно е да се има предвид дека државите имаат обврски, вклучително и според обичајното меѓународно право, да го зачуваат прекуграничниот пристап за цивилите кои бегаат од конфликт и да не преземаат дејствија за присилно враќање на бегалците. Принципот на невраќање значи и неодбивање луѓе од границата.

---

губење на нивните права додека Талибанците засилено напредуваат“, 15 Август 2021 година, Afghan women fear 'dark' future, loss of rights as Taliban seize control (nbcnews.com); Нешнл географик, „Како што се враќаат Талибанците, минатото на Авганистан се заканува на својата иднина“, 15 август 2021 година, As the Taliban return, Afghanistan's past threatens its future (nationalgeographic.com); Еи Би Си, „Талибанските борци ги убиваат противничките борци кои веќе се предале, што може да значи дека извршуваат воени злосторства, велат американските власти“, 12 август 2021 година, Taliban fighters executing surrendering troops, which could amount to war crimes, U.S. officials say - ABC News; Волстрит Журнал, „Авганистанците раскажуваат за егзекуции и принудени „бракови“ во подрачја под контрола на Талибанците“, 12 август 2021 година, Afghans Tell of Executions, Forced ‘Marriages’ in Taliban-Held Areas - WSJ; САД денес, „„Нема возможен живот“ под владеењето на Талибанците: Авганистанките се плашат од убиства и угнетување по повлекувањето на САД“, 5 август 2021 година, USA Today, ‘No Possible Life’ Under Taliban Rule: Afghan Women Fear Murder, Oppression after US Withdrawal; Хјуман Рајтс Воч, Авганистан, „Талибанците преземаат контрола и егезекутираат затвореници“, 3 август 2021 година, Afghanistan: Advancing Taliban Execute Detainees | Human Rights Watch (hrw.org); Хјуман Рајтс Воч, Авганистан, „Талибанците се закануваат со злосторства во Кандахар“, 23 јули 2021 година, Afghanistan: Threats of Taliban Atrocities in Kandahar | Human Rights Watch (hrw.org); Еи Би Си, „Амбасадата на Авганистан вели дека видеата покажуваат како авганистански цивили се мачени и убивани од Талибанците“, 16 јули 2021 година, Afghanistan's embassy says videos show Afghan civilians being tortured, murdered by Taliban - ABC News; Волстрит Журнал, „Генерација на Авганистански професионалци бега од Талибанците кои преземаат сè поголема контрола врз територијата“, 7 јули 2021 година, A Generation of Afghan Professionals Flees Ahead of Taliban Advance.

[5] Канцеларија на ОН за координација на хуманитарни прашања, „Авганистан: Раселувања предизвикани од конфликт“, пристапено на 16 август 2021 година, Internal Displacement due to Conflict | HumanitarianResponse; Видете исто така, УНХЦР, „Авганистанските бегалци пристигаат во Иран додека насилство ескалира“, 9 август 2021 година, UNHCR - Afghan refugees reach Iran as violence escalates.

[6] Индепендент, „ Иран поставува бегалски кампови покрај границата, додека Авганистанците бегаат од Талибанците“, 16 август 2021 година, Iran sets up refugee camps along border as Afghans flee Taliban rule | The Independent; Скај Њуз, „Авганистан: хаотични сцени додека луѓето се спуштаат на границата со Пакистан бегајќи од Талибанците“, 13 август 2021 година, Afghanistan: Chaos as crowds descend on Pakistan border after fleeing Taliban | World News | Sky News; Њујорк Тајмс, „Стравот го зафаќа Авганистан додека стотици илјади луѓе се во бегство“, 31 јули 2021 година (обновено на 9 август 2021 година), As Fears Grip Afghanistan, Hundreds of Thousands Flee - The New York Times (nytimes.com); Гандхара, „„Немаме избор“: илјадници Авганистанци дневно бегаат во странство, додека насилството на Талибанците расте“, 26 Јули 2021 година, 'We Don't Have A Choice': Thousands Of Afghans Fleeing Abroad Daily As Taliban Violence Soars (rferl.org); „Проценките на Владата на Иран покажуваат дека во моментов секојдневно околу 5.000 Авганистанци нелегално влегуваат во Иран, односно до три пати повеќе од претходно проценетиот дневен просек од 1.400-2.500 луѓе“. УНХЦР, „Ситуацијата во Авганистан: подготвеност за одговор на итни случаи во Иран, 20 јули 2021 година, Situation Update - Afghanistan situation preparedness in Iran - 20 July 2021.

4. Сите тврдења на државјани и поранешни жители на Авганистан кои бараат меѓународна заштита треба да бидат обработени во фер и ефикасни процедури во согласност со меѓународното и регионалното право за бегалци. УНХЦР изразува загриженост што неодамнешните случувања во Авганистан доведуваат до појава на зголемување на потребите за меѓународна заштита на луѓето кои бегаат од Авганистан, без разлика дали станува збор за бегалци според Конвенцијата од 1951 година, според регионалните Конвенции за бегалци или како корисници на други форми на меѓународна заштита.[7] Истото важи и за оние кои веќе биле во земјите на азил пред неодамнешната ескалација на насилство во Авганистан. Имајќи ја предвид нестабилната ситуација во Авганистан, УНХЦР ги поздравува преземените чекори од страна на некои земји на азил да го одложат одлучувањето за потребите на меѓународна заштита за државјани и поранешни жители на Авганистан, се додека ситуацијата во земјата не се стабилизира за да можат да се добијат веродостојни информации за безбедноста и состојбата со човековите права за да се проценат потребите за меѓународна заштита на индивидуалните апликанти. Со оглед на нестабилноста на ситуацијата во Авганистан, УНХЦР не смета дека е соодветно да се одбие меѓународна заштита на државјани и поранешни жители на Авганистан врз основа на внатрешна алтернатива за бегство или селење.

5. За поединци чие барање било одбиено пред неодамнешните настани, моменталната состојба во Авганистан може да доведе до изменети околности, кои треба да се земат предвид доколку е поднесено ново барање за азил.

6. Може да има поединци кои биле поврзани со дејствија, што ги подведуваат под рамки на клаузулите за исклучување содржани во член 1-ф од Конвенцијата од 1951 година.[8] Во такви случаи, ќе биде потребно внимателно да се истражат сите прашања поврзани со индивидуалната одговорност за злосторства што можат да доведат до исклучување од меѓународна заштита и губење на статусот бегалец. Покрај тоа, за да се сочува цивилниот карактер на азилот, државите би требало внимателно да ја проценат ситуацијата со пристигнувањата за да ги идентификуваат вооружените елементи и да ги отстранат и разделат тие групи од цивилното бегалско население.[9]

## Советување против насилно враќање на луѓе назад во Авганистан

7. Знаејќи дека ситуацијата во Авганистан е нестабилна, дека може да остане неизвесна уште некое време и имајќи го предвид итниот хуманитарен случај на ниво на цела земја

[7] Применливите рамки за заштита ги вклучуваат Конвенцијата за бегалци од 1951 година и нејзиниот Протокол од 1967 година; Директивата за квалификација на ЕУ [Европска унија, Директива 2011/95/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, за стандарди за квалификација на државјани на трети земји или лица без државјанство како корисници на меѓународна заштита, за воеднаечен статус за бегалци или за лица подобни за привремена заштита и за содржината на доделената заштита (преработена) („Директива за квалификација"), 13 декември 2011 година, Refworld | The Leader in Refugee Decision Support]; или други применливи регионални рамки, вклучувајќи ја Конвенцијата на ОАУ од 1969 година и Декларацијата од Картагена [Декларација од Картагена за бегалците, колоквиум за меѓународна заштита на бегалци во Централна Америка, Мексико и Панама, 22 ноември 1984 година, Refworld | Cartagena Declaration on Refugees, Colloquium on the International Protection of Refugees in Central America, Mexico and Panama].
[8] УНХЦР, „Упатство за меѓународна заштита бр. 5: Примена на клаузулите за исклучување: член 1-ф од Конвенцијата од 1951 година во врска со статусот „бегалец"", 4 септември 2003 година, CR/GIP/03/05, Guidelines on International Protection No. 5: Application of the Exclusion Clauses: Article 1F of the 1951 Convention relating to the Status of Refugees.
[9] Видете УНХЦР, „Оперативни упатства за одржување на цивилниот и хуманитарниот карактер на азилот", септември 2006 година, Refworld | Guidance Note on Maintaining the Civilian and Humanitarian Character of Asylum.

кој сè уште се шири и станува уште поголем,[10] УНХЦР ги повикува државите да се откажат од присилното враќање назад на државјани и поранешни жители на Авганистан, вклучувајќи ги и оние на кои барањата за азил им биле одбиени. Мораториумот за присилно враќање во Авганистан треба да остане на сила се додека не се стабилизира ситуацијата во земјата, што ќе биде потврдено со проценка дали и кога променетата состојба во државата дозволува безбедно и достоинствено враќање. Забраната за присилно враќање претставува минимум стандард и треба да остане на сила сè додека безбедноста, владеењето на правото и состојбата со човековите права во Авганистан значителено не се подобрат до степен да можат да овозможат безбедно и достоинствено враќање на оние кои немаат потреба од меѓународна заштита.

8. Во согласност со заложбите на земјите-членки на ОН во рамките на Глобалниот форум за бегалци во врска со правичната распределба на одговорноста за меѓународна заштита на бегалците, УНХЦР исто така смета дека не би било соодветно присилното враќање на државјани или поранешни жители на Авганистан, во земјите од регионот, со оглед на фактот што земји како Иран и Пакистан со децении се великодушни домаќини на огромното мнозинство од вкупниот глобален број на авганистански бегалци.[11]

9. УНХЦР ќе продолжи да ја следи ситуацијата во Авганистан со цел проценка на меѓународните потреби за заштита што произлегуваат од сегашната состојба.

УНХЦР
Август, 2021

[10] УНХЦР, „УНХЦР предупредува дека претстои хуманитарна криза во Авганистан“, 13 јули 2021 година, UNHCR - UNHCR warns of imminent humanitarian crisis in Afghanistan.

[11] До крајот на 2020 година, во Иран и Пакистан биле регистрирани 2.215.445 авганистански бегалци. УНХЦР, „Портал за податоци: ситуацијата во Авганистан“, Situation Afghanistan situation (unhcr.org), пристапено на 12 август 2021 година.